# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 97** **20 мај 2019, понеделник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1216. | **Одлука** за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура - Битола ... | 2 |
| 1217. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор . | 2 |
| 1218. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад ........... | 2 |
| 1219. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, Скопје во 2018 година ...... | 3 |
| 1220. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, Скопје ...... | 3 |
| 1221. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, Скопје за 2018 година ............. | 3 |
| 1222. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје .. | 3 |
| 1223. | **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Вевчани ........................... | 4 |
| 1224. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје ....................... | 4 |
| 1225. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани ................................. | 4 |
| 1226. | **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево .................... | 4 |
| 1227. | **Одлука** за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам .......................... | 5 |
| 1228. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија .... | 5 |
| 1229. | **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип....................................... | 5 |

Стр.

1230. **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Рабетинска“ слив на река Треска ................ 6

1231. **Одлука** за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината ............................... 6

1232. **Одлука** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје...... 7

Стр.

1233. **Решение** за утврдување престанок на функција Национален координатор за подготовка на Република Северна Македонија за членство во НАТО .................................................. 7

1234. **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија ......................................... 8

1235. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа .................................... 8

**Огласен дел** ....................................... 1-68

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1216.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Националната установа Центар за култура - Битола му престанува користењето на дел од недвижна ствар и тоа:

- деловна просторија во зграда бр.1, влез 1, кат приземје, со посебен дел од зграда 1, со површина од 38м2, која се наоѓа на улица „Ленинова“ на КП бр.12421/2, КО Битола 3, запишана во Имотен лист бр.94072, со површина од 1272м2, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1671/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1217.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/16 и 164/17) во целиот текст зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 9 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„- отсуство од три седници на Советот во текот на една година;“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2294/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1218.**

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да

се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за резултати од пописот бр.02-754/8 од 8.5.2019 година, донесена од Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2425/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1219.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2018 година, бр. 02-489/1 од 27.2.2019 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 27.2.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-2643/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1220.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје бр. 02-490/1 од 27.2.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 27.2.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-2643/2
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**1221.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2018 година, бр. 02-492/1 од 27.2.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 27.2.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2643/3
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1222.**

Врз основа на член 9-а став (б) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, без надомест 400.000 литри Еуродизел БС гориво и тоа со следната динамика:

- за јуни 2019 година се отстапуваат 200.000 литри Еуродизел БС гориво и
- за јули 2019 година се отстапуваат 200.000 литри Еуродизел БС гориво.

Нафтените деривати, од став 1 на овој член, се отстапуваат на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за извршување на работите од нивната дејност - превоз на патници и стока со железницата.

Член 2

Трошоците за испорака односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на нафтените деривати, паѓаат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2889/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1223.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ВЕВЧАНИ**

Член 1

Во Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Вевчани („Службен весник на Република Македонија“ бр.241/18), во членот 1 зборовите „Фиат Комфорд” се заменуваат со зборовите „Форд Фиеста”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3005/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1224.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. Број | Назив и опис на движна ствар | Количина | Номенклатурен број |
|---|---|---|---|
| 1 | Шлем противпожарен со везир | 50 | 7730-0000-0154-7 |
| 2 | Одело водоотпорно Scubapro Onefrex 5 | 5 | 1487-0000-5772-2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Град Скопје.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со градоначалникот на Град Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3153/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1225.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ – КОЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Кол. |
|---|---|---|---|---|
| Ултрасоничен генератор за хируршки интервенции | SonoSurg G2 | Олимпус | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3205/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1226.**

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, бр.02-1118/1-2, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 10.5.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3232/1 | Заменик на претседателот |
| 14 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1227.**

Врз основа на член 125 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст: Советот) заради унапредување на меѓуинституционалната соработка согласно целите на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Член 2

Советот се состои од претседател - директорот на Управата за финансиско разузнавање и шеснаесет членови и тоа: Министерство за внатрешни работи - државен секретар, Министерство за правда - државен секретар, Министерство за финансии - државен секретар, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - претседател, Управа за финансиска полиција-директор, Царинска управа - директор, Управа за јавни приходи-директор, Народна банка на Република Северна Македонија – вицегувернер, Комисија за хартии од вредност-претседател, Агенција за супервизија на осигурување - претседател, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - директор, Агенција за пошти - директор, Адвокатска комора на Република Северна Македонија - претседател , Нотарска комора на Република Северна Македонија-претседател, Институт на овластени ревизори – претседател и Институт на сметководители и овластени сметководители – претседател.

Секој член на советот има заменик кој се определува од редотна вработените во органите и институциите од ставот 1 на овој член и кој има адекватни познавања од областа на откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Советот може, по потреба, во својата работа да вклучи и претставници од други надлежни органи и институции.

Член 3

Советот за својата работа ја известува Владата на Република Северна Македонија еднаш годишно, а по потреба и почесто.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/18)

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3246/1 | Заменик на претседателот |
| 14 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1228.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија и тоа премер на објект кој се наоѓа на бул.„8-ми Септември” бб, во Скопје, на КП бр.566/4, КО Карпош.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3255/1 | Заменик на претседателот |
| 14 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1229.**

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ „ЗЛЕТОВИЦА“ - ПРОБИШТИП**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип бр.01-299/1 од 10.5.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 10.5.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3275/1 Заменик на претседателот
14 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1230.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/16) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА „РАБЕТИНСКА“ СЛИВ НА РЕКА ТРЕСКА**

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Рабетинска“ слив на река Треска, спроведена во согласност со Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи („Службен весник на Република Македонија“ бр 189/18).

2. Постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа со изградба на мала хидроелектрична централа „Рабетинска“ слив на река Треска, се поништува со оглед на тоа што по објавениот Јавен повик не е доставена ниту една прифатлива понуда.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3352/2 Претседател на Владата
8 мај 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1231.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 2 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Со оваа одлука се определува периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и висината на закупнината за закупецот на земјиште Друштво за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Скопје, со седиште во Скопје.

Член 2

Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува КП 656/3 од КО Илинден Вон Градежен, со површина од 139011 м2 формирано од КП 656/1 КО Илинден Вон Градежен, според Имотниот лист бр.1936 за КО Илинден и Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени, Нумерички податоци КО Илинден Вон Градежен бр.0801-187/3-19 од 3.5.2019 година сопственост на Република Северна Македонија, кое претставува градежно земјиште согласно Изводот од Архитектонскиот урбанистички проект бр.9/2019, КО Илинден, КО Ајватовци, КО Бунарџик, Општина Илинден, издаден од Министерството за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот бр. 24-3976/2 од 2.5.2019 година, врз основа на Архитектонскиот урбанистики проект за формирање на градежни парцели: ГП 2(1.1), 3(1.1), 6(1.1), 7(1.1) со основна класа на намена Г2-Лесна индустрија во рамките на Блок 2, Блок 3, Блок 6 и Блок 7 во државната урбанистичко - планска документација за ТИРЗ Скопје 2, КО Илинден, КО Ајватовци, КО Бунарџик, Општина Илинден, со технички бр.РА 051 04/19 од април 2019 година, одобрен од Комисијата во рамки на Министерството за транспорт и врски, со потврда бр.66-3784/6 од 24.4.2019 година („Градежно земјиште“).

Член 3

Градежното земјиште од член 2 од оваа одлука се дава во долготраен закуп за временски период во траење од 89 години, сметано од датумот на склучувањето на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште.

Член 4

Висината на закупнината за градежното земјиште од член 2 на оваа одлука изнесува:

- Во текот на првите пет години 0,1 евро годишно за метар квадратен, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, односно 13.901,10 евра за една година, определено како фиксен износ;
- По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупнината за Градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се утврдува на годишно ниво, десет дена пред датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, а се пресметува по 0,1 евро годишно за метар квадратен, приспособено за официјалната стапка на инфлација во Република Северна Македонија за претходната година, но не повеќе од 15% на годишно ниво, што е максималната стапка на пораст, односно не повисока од 0,115 евра годишно за метар квадратен.

Во рок од 60 дена од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупецот на земјиштето доставува доказ за реализирана уплата на закупнината на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, во износ од 69.505,50 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, како закупнина за првите пет години, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп, закупнината за долготраен закуп на градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се плаќа однапред за секоја година, но не

подоцна од датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3605/1 | Заменик на претседателот |
| 14 мај 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1232.**

Врз основа на член 17 став (3) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 мај 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА КАТНИ МОНТАЖНИ ГАРАЖИ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР - КОМПЛЕКС КЛИНИКИ „МАЈКА ТЕРЕЗА" - СКОПЈЕ

Член 1

Со започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" – Скопје, каде што приватниот партнер ќе врши финансирање, дизајнирање, изградба на објектот, користење, управување и одржување на новите објекти до нивното предавање на јавниот партнер, се обезбедуваат:

- решавање на недостигот на паркинг места;
- решавање на моменталното неорганизирано паркирање;
- олеснување на движењето на болничките возила и возилата на итна медицинска помош;
- олеснување на движењето на корисниците на здравствените услуги и посетителите.

Член 2

Целите кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје се:

- изградба на 2 (две) катни монтажни гаражи во склоп на Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје за кои се очекува да одговорат на потребите на посетителите и вработените во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје, како и корисниците на паркинг места;
- изведба на инфраструктурни сообраќајни решенија со цел воспоставување поголем ред во движењето на возилата во склоп на Комплексот;
- подобрување и зголемување на ефикасноста на движењето на амбулантните возила;
- зголемување на безбедноста на пешаците во рамките на комплексот;
- обезбедување на поквалитетни услови за организирање на движењето на возилата низ комплексот.

Член 3

Предмет на постапката за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје е избор на приватен партнер за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кој ќе врши финансирање, дизајнирање, изградба и опремување на 2 (две) катни монтажни гаражи во комплексот до нивно предавање на јавниот партнер.

Основните услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се:

- користење, управување и одржување на новите објекти до нивното предавање на јавниот партнер;
- овозможување пристап до катните монтажни гаражи;
- партерно-хортикултурно уредување на комплексот на временски период од 15 години,

Јавниот партнер ќе обезбеди локација за изградба на катните монтажни гаражи.

Приватниот партнер е должен да го врати објектот со целокупната документација во владение на јавниот партнер во рок од 30 дена од денот на престанувањето на важење на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Проценета вредност на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е 11.730.000,00 евра.

Критериум за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе биде „најниска понудена цена" за паркирање за еден час за посетители во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје и „најниската понудена месечна цена" за паркирање за вработените.

Другите услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе бидат утврдени во содржината на тендерската документација.

Член 4

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се спроведе како отворена постапка која ќе заврши со електронска аукција согласно Законот за јавните набавки.

Член 5

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство која ќе биде формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот за здравство во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата е должна во рок од 60 дена од денот на формирањето на Комисијата, да ја изготви тендерската документација, вклучувајќи ги и нацрт - договорот за јавно приватно партнерство и јавниот оглас.

Комисијата ќе го објави јавниот оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, во рок од пет дена од денот на изготвувањето на тендерската документација.

Член 6

Рокот за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е 120 дена од денот на започнувањето на постапката.

Член 7

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на објавување на јавниот оглас.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-214/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**1233.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР ЗА ПОДГОТОВКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО НАТО**

1. На Стево Пендаровски, му се утврдува престанок на функцијата Национален координатор за подготовка на Република Северна Македонија за членство во НАТО поради избор на друга должност.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-3683/1
14 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1234.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија врз основа на член 52 член 53 и член 54 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РСМ“ број 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), постапувајќи по барањата за добивање на одобрение и согласност на измените на Статутот, Проспектот и скратената форма на Проспектот на ВФП 100% Бонд, поднесени од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје на седницата одржана на ден 10.5.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. На Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје со седиште на ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, Скопје, се дава одобрување на барањето за давање согласност на:

- Одлуката за измени на Статутот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд број 02-10/2 од 8.4.2019 година, како и на пречистениот текст на Статутот број 02-10/7 од 8.4.2019 година;
- Одлуката за измени на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд број 02-10/3 од 8.4.2019 година, како и на пречистениот текст на Проспектот број 02-10/8 од 8.4.2019 година и
- Одлуката број 02-10/4 од 8.4.2019 година за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд, како и на пречистениот текст на скратената форма на Проспектот број 02-10/9 од 8.4.2019 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1 08-18
10 мај 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**1235.**

Врз основа на член 190 и член 106 став 5 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10.5.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕРСКА КУЌА**

Член 1

Во Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа ("Службен весник на РМ" бр.6/07,81/14 и 57/16) во членот 6 став (1) точки: 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 13 се бришат и постојните точки 10, 11, 12 и 14 стануваат точки 2, 3, 4 и 5.

Став (4) се менува и гласи:

"(4) Документацијата од став 1 точка 2, 3, 4 и 5 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата. Документацијата од став 1 точка 2 и точка 3 се поднесува во форма и содржина утврдена со пропишаниот образец: „ Изјава на основачот - физичко лице" (Образец И-ОФЛ), даден во Прилог 5 кој е составен дел на овој Правилник и е заверен кај нотар со кој се заменува постојниот Прилог 5" .

Член 2

Во членот 6 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

"(7) Лицата од став 1 на овој член се должни да доставаат дополнителни информации во форма и содржина утврдена со пропишаниот образец:„ Прашалник за основачот - физичко лице" (Образец П-ОФЛ), даден во Прилог 9 кој е составен дел на овој Правилник.

Член 3

Во членот 7 по ставот (6) постојниот став (4) и став (5) стануваат став (7) и став (8).

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-521/1
10 мај 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**ПРИЛОГ 5:** ***Образец И - ОФЛ***

**ИЗЈАВА НА ОСНОВАЧОТ - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ**

Јас, основачот - ______________________________ со место на живеење ____________________________, ЕМБГ __________________ и л.к. бр. / бр. на пасош ___________ издаден/а од ________________, под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- не сум дал/а лажна информација во документите кои се доставуваат кон барањето за дозвола за работење на овластеното правно лице согласно закон и овој правилник односно дека согласно моите сознанија податоците и информациите наведени во документите кои се доставуваат кон барањето за дозвола за работење на овластено правно лице согласно закон и овој правилник, се целосни, точни, вистинити и дадени во согласност со закон и дека не сум прикрил/а ниедна информација која може да влијае на одлуката на Комисијата за издавање за дозвола за работење на овластеното правно лице.

**Скопје, ____________ година** **Изјавил:**

__________________________

**(име и презиме односно квалификуван дигитален сертификат)**

**ПРИЛОГ 9:** ***Образец П-ОФЛ***

**Прашалник за физичко лице коешто има намера да основа брокерска куќа** [1]

1.Дали некогаш Ви била изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако Ви била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали.

2.Дали сте биле осуден/а со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик, сѐ додека траат правните последици од пресудата? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.

3.Дали сте акционер/имател на удел и во друго овластено правно лице? Ако сте, наведете ги сите детали.

4. Дали постои Ваша поврзаност со останатите акционери на брокерската куќа и со акционерите на друго овластено правно лице во смисла на критериумите за поврзани лица дефинирани со Законот за хартии од вредност и соодветниот правилник? Ако постои, наведете ги сите детали.

5. Дали сте биле директор, претседател или член на орган на управување на правно лице на кое било поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка? Ако постои ваква околност, наведете ги сите детали.

6. Дали сте биле директор, претседател или член на орган на управување на правно лице кое не ги платило јавните давачки вклучувајќи и правни лица кои престанале да постојат? Ако постои ваква околност, наведете ги сите детали.

7.Дали сте биле директор, претседател или член на орган на управување на правно лице чија сметка била блокирана кај носителот на платниот промет? Ако постои ваква околност, наведете ги сите детали.

---

[1] Го пополнува, поединечно, секое домашно или странско физичко лице коешто има намера да основа брокерска куќа. Доколку законодавството на земјата од која доаѓа странското физичко лице поинаку ја регулира материјата во врска со прашањата, должно е да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата.

Лицето е должно да даде одговор на секое прашање.

8. Дали редовно ги плаќате јавните давачки? Ако не, образложете зошто и наведете ги сите детали.

9.Дали против Вас е донесена правосилна судска пресуда со која е утврдена Ваша одговорност за отворената стечајна постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги сите детали поврзани со судската пресуда.

10. Дали од страна на надлежен супервизорски орган биле преземени мерки кон финансиска институција и кон Вас, во која сте остварувале контрола или сте биле член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување или неспроведување.

11. Дали надлежен орган за супервизија на финансиски институции вршел оценка на Вашата репутација и способност за стекнување учество во капиталот или за станување член на орган на надзор или управување на тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

12. Дали надлежен орган за супервизија на финансиски институции Ви одзел/ не Ви одобрил согласност за акционер или учество во капитал на финансиска институција или Ви одзел/не Ви одобрил согласност да бидете член на орган на надзор или управување? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

13. Дали сте биле отповикан/а или од Вас било побарано да се повлечете од вршење на некоја функција во друго правно лице? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

14. Наведете други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оценка на вашата способност да бидете акционер на брокерската куќа и да обезбедите стабилно и сигурно работење на брокерската куќа.

15. Дадете краток опис на тоа каде ја гледате брокерската куќа по пет години од нејзиното работење.

Јас ______________________________________________

(име на физичкото лице)

Изјавувам, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека информациите што ги содржи во овој прашалник се точни и вистинити.

**Место и датум** **Потпис одосно дигитален сертификат на физичкото лице**

____________________ ____________________________

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019097